ОПШТИНА КАРПОШ-СКОПЈЕ
Ип1 бр. 64-153 од 01.06.2021 г.
С К О П Ј Е

Овластениот градежен инспектор во Општината Карпош-Скопје, врз основа на член 142 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18), донесе:

## З А К Л У Ч О К

- за дозвола на извршување -

1. **СЕ УТВРДУВА** дека решението бр. ИП1 бр. 64-153 од 21.05.2021 год. донесено од страна на овластениот градежниот инспектор во Општина Карпош – Скопје, е **ИЗВРШНО** и се допушта неговото административно извршување.
2. **СЕ НАЛАГА** на извршеникот **ИНВЕСТИТОРОТ** НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР од Скопје, **ВО РОК ОД 3(три) ДЕНА** по приемот на овој Заклучок сам да ја **ОТСТРАНИ** градбата: **– ПЕТ БЛОКАТОРИ поставени на тротоар**, на ул. Мраморец пред бр. 45 на КП 13571 КО ВЛАЕ, ИМОТЕН ЛИСТ 103320 ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РСМ, или го допушти неговото присилно административно извршување.
3. До колку извршеникот не постапи по овој Заклучок, извршувањето ќе се спроведе по присилен пат за сметка на извршеникот.
4. Жалбата изјавена против овој Заклучок не го одлага извршувањето на решението.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Овластениот градежен инспектор во Општина Карпош-Скопје, со решение ип.бр. 64-ИП1-153 од 21.05.2021г., му наложи на градителот НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР од Скопје да ја **ОТСТРАНИ** градбата – **ПЕТ БЛОКАТОРИ поставени на тротоар**, на ул. Мраморец пред бр. 45 на КП 13571 КО ВЛАЕ, ИМОТЕН ЛИСТ 103320 ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РСМ.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува отстранување на градбата, а чие извршување се допушта со овој Заклучок, согласно член 137 алинеа 4 од Законот за градење не го одлага извршувањето на решението.

Поради тоа во оваа управна работа првостепеното решение во смисла на одредбите на член 142 од Законот за градење станува извршно со доставување заклучок на странката на која се однесува решението.

Бидејќи споменатото решение станало извршно се одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.

**ПРАВНА ПОУКА**

Против ова решение недоволната странка има право на жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.

Жалбата се таксира со 200,00 денари по тарифен број 94 од Законот за изменување и дополнување за административни такси (Службен Весник на РМ број 6 од 15.01.2010).

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР,**
**дипл. град.инж. Олга Влинтоска**